## IN MEMORIAM



### ПРОФ. Д-Р ФРАНЦ ХАФНЕР (1903—1985)

На 23 ноември 1985 година, во 83 година од животот, умре во Грац редовниот професор на Високата школа за култура на почвите во Виена **проф. д-р Франц Хафнер.** Проф. д-р Франц Хафнер е признат научен работник во областа на шумарството не само во Австрија, туку и во целиот свет. Тој е роден 1903 година во Госел кај Волфсберг во Корушка. Студиите по шумарство ги завршува во 1926 година на Високата школа за култура на почвите во Виена.

По завршувањето на студиите заминува во Турција и работи во шумско-индустриското претпријатие А. Г. „Зингал" во Ајанчик Анадолија. Тука стекнува сестрано техничко знаење и практично искуство, кое ќе му послужи како основа за неговата понатамошна богата и плодна научна работ. Проф. д-р Франц Хафнер беше голем поборник за воведување механизација во сите шумски работи, а особено во изградбата на шумски комуникации и транспортот на дрвото. Врз основа на стручните и научните остварувања избран е за доцент на Високата школа за култура на почвите во Виена, а подоцна и за редовен професор. За време на работата на Високата школа бил избиран за нејзин проректор и ректор. Во својство на експерт на меѓународната организација ФАО посетува многу земји, меѓу кои и Југославија, при што престојува и во СР Македонија.

За својот научен труд и несебичното залагање за развој на шумарсвото проф. д-р Франц Хафнер добил многубројни научни одликувања како во Австрија, така и во многу други земји во светот. Во 1979 година е промовиран за почесен доктор на науки во Истамбул.

Во знак на признание за вонредното залагање за развојот и унапредувањето на шумарството прими Повелба од страна на Југословенскиот земјоделско-шумарски центар во Белград 1985 година.

Проф. д-р Франц Хафнер својата активна работа ја заврши во 1973 година, кога отиде во пензија. Како пензионер помнува 12 години, кои, исто тка, беа исполнет со ангажирање на стручно и научно поле.

Нека му е вечна слава на проф. д-р Франц Хафнер.

**Проф. Д-р Радован Аќимовски**



# И таму каде што не стапнала нога на човекот вози

# шумарскиот прегибник BELT – GV – 50

Најсложените шумарски работи бараат машини од посебен ков. Беспрекорно мора да дејствува во сите временски услови и на каква било земја. Шумарскиот прегибник BELT—GV—50 е таква машина. Погоден е за работа во услови каде што прилагодените земјоделски трактори откажуваат послушност, а тешките прегибници не се погодни. Прегибноста на тракторот (±38°) и носачот—клацкалка на предниот мост (15° или 450 мм) овозможуваат стабилно и безбедно возење по тракторски патеки. Сите четири тркала се погонски, а погонските мостови имаат автоматски диференцијален затворач со 40% ефикасност. На сите четири тркала дејствуваат хидропнеуматски кочници и пнеуматски подесувана рачна кочница, која кочи и автоматски, ако притисокот во инсталацијата падне. Распределбата на масата на мостовите —60% на предниот мост на неоптоварениот трактор — хидраулични подесуваниот волан, хидраулички амортизираното и обложено седиште, заедно со атестираната кабина, обезбедуваат безбеден и колку што може удобен транспорт на стебла и трупци.

Продажбата ја застапува

BELT
ČRNOMELJ

agrotehnika - gruda
n.sol.o., ljubljana, titova 38-40
PROIZVODNJA, UNUTRAŠNJA
I SPOLJNA TRGOVINA, SERVISI